Република Северна Македонија

Министерство за култура и туризам

*Сектор за управен*

и инспекциски надзор

Republika e Maqedonisë së Veriut

Ministria e Kulturës dhe e Turizmit

*Sektori i Mbikëqyrjes*

Administrative dhe Inspektuese

Архивски знак
Shenja arkivore:
Рок на чување:
Afati i ruajtjes:
____20____ година viti
Потпис Nënshkrimi

# ЗАПИСНИК

## за извршен инспекциски надзор

**ИП 1 бр. 57- 94/2024**

**Датум: 28.01.2025 година**

1) Податоци за субјектот на инспекцискиот надзор

| | | | |
|---|---|---|---|
| Назив на субјектот на надзорот | РСМ, Национална установа-Центар за култура „Ацо Ѓорчев“-Неготино | | |
| Седиште/адреса на субјектот | ул. „Даме Груев“ б.б., Неготино | | |
| Адреса за е-пошта:<br>Веб локација: | nucknegotino@gmail.com<br>centarzakulturanegotino.mk | | |
| Телефон | (043) 371 - 081 | | |
| Матичен број на субјектот | 4019571 | | |
| Даночен број на субјектот | 4019996101131 | | |
| Број на жиро-сметка на субјектот | 180101033260317 | | |
| Банка депонент: | Народна банка на РСМ, Скопје | | |
| Одговорно лице на субјектот: | | | |
| Име и презиме:<br>[redacted], директор | Телефон | | Е-пошта<br>nucknegotino@gmail.com |

2) Податоци за инспекцискиот надзор

| | | | |
|---|---|---|---|
| Вид на инспекцискиот надзор | 1. РЕДОВЕН | 2. ВОНРЕДЕН | 3. КОНТРОЛЕН |
| Датум на почеток на инспекцискиот надзор | 23.01.2025 г. | Време на почеток на инспекцискиот надзор | 15:00 ч. |
| Датум на завршување на инспекцискиот надзор | 28.01.2025 г. | Време на завршување на инспекцискиот надзор | 15:00 ч. |
| Назив на објектот–инсталацијата каде што се врши надзорот | РСМ, НУ-Центар за култура „Ацо Ѓорчев“-Неготино (**во натамошниот текст: Центар за култура-Неготино**) | | |
| Главна дејност на објектот–инсталацијата каде што се врши надзорот | Дејности на објектите за културни манифестации (шифра 90.04) | | |
| Адреса на објектот–инсталацијата каде што се врши надзорот | Надзорот е извршен во службените простории на Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за култура и туризам | | |

3) **Инспекцискиот надзор е извршен врз основа на:**

-Записникот за извршен вонреден инспекциски надзор ИП 1 бр. 57-94 од 20.11.2024 година и Решението со наредба ИП 1 бр. 57 - 94 од 28.11.2024 година.

4.)**Инспекцискиот надзор е извршен од:**

-Сабина Синан, главен инспектор–раководител на Секторот за управен и инспекциски надзор во Министерството за култура и туризам - **во натамошниот текст:** МКТ (забелешка: еден од планираните контролни инспекциски надзори за Битола согласно со Месечниот план за работа на СУИН на МКТ, за м. јануари, 2025 г., не е реализиран поради оправдани причини во согласност со закон, поради што е извршен контролен инспекциски надзор во Неготино).

5.)**Предмет на контролниот инспекциски надзор**

**Предмет:** контролниот инспекцискиот надзор, се врши со цел да се утврди дали субјектот на надзорот, во истекот на рокот определен во инспекцискиот акт, при извршениот вонреден инспекциски надзор, постапил или не постапил по инспекцискиот акт – Решение со наредба ИП 1 бр. 57- 94 од 28.11.2024 г.

**Основ:**член 82 став (1) од **Законот за културата** („Службен весник на РМ" бр. 31/98, 49/2003, 82/2005, 24/2007, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и„Службен весник на РСМ" бр. 265/24), а во врска со член 71 став (1) од **Законот за инспекциски надзор** („Службен весник на РСМ" бр. 102/2019 и 272/24).

6.)**Во извршувањето на овој инспекциски надзор**:

-Не се употребени листите за проверка, од причина што станува за контролен инспекциски надзор, а истите се задолжителни при редовен инспекциски надзор согласно со член 70 став 3 од Законот за инспекциски надзор.

7) За време на **извршувањето на инспекцискиот надзор, субјектот на надзор беше претставуван од следното лице:**

| Име и презиме | | Телефон | Е-пошта |
|---|---|---|---|
| | директор | | nucknegotino@gmail.com |

8) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, не беа присутни други лица.

9)Инспекторот кој го изврши инспекцискиот надзор, пред почетокот на надзорот, на субјектот на надзорот му ги презентираше целите и предметот/опфатот на вонредниот инспекциски надзор и му ги објасни правата и обврските на субјектот на надзор.

**10) Од разговорите со присутните лица и непосредниот увид во документацијатакај субјектот на надзорот, се констатирани следниве наоди за утврдената фактичка состојба:**

10.1.При извршениот вонреден инспекциски надзор кај субјектот на надзорот, за утврдените неправилности од аспект на примена на одредбите од Законот за културата, со Записникот ИП 1 бр. 57 – 94 од 20.11.2024 г., од инспекторот за култура е издаден инспекцискиот акт - Решение ИП 1 бр. 57 - 94 од 28.11.2024 г., со коешто на субјектот на надзорот – НУ - Центар за култура „Ацо Ѓорчев"-Неготино, му е наредено во определен од денот на приемот на решението да преземе соодветни активности за отстранување на утврдените неправилности и тоа:

1.1.Наменски да се користат средствата од Буџетот на РСМ, добиени преку Министерството за култура и туризам (**во натамошниот текст: МКТ**), согласно со договорите за учество во финансирање на годишната програма за работа на Центарот за култура и да ја реализира годишната програма за работа на Установата во рамките на обезбедените средства од Минситерството и од други извори согласно со обврската од член 70-а став (4) од Законот за културата.
1.2.За потребата од евентуални измени и дополнувањана Годишната програма за работа на Установата, писмено да биде информираноМКТ да бидат образложени причините, а измени и дополнувања на износот на средствата, намените на средствата и измени на проектите утврдени со договорите за учество во финансирање на годишната програма за работа на Установата, да се вршат само со претходна согласност на МКТ и со склучување на анекс кон договор.
1.3. Нацрт-годишната програма за работа на Установата, којашто согласно со член 70 став (1) од Законот за културата, ја донесува директорот на националната установа во јуни во тековната година за наредната година, да се доставува на согласност на Управниот одбор согласно со обврската одчлен 36 став (1) т. 3 од истиот Закон и за истата од УО, да се бара донесување на соодветна одлука.
1.4.Годишниот извештај за реализацијата на годишната програма за работа на Установатаа согласно со обврската од член 70-б став (2) од Законот за културата, да се доставува до МКТ, со потребната и со целосна материјално - финансиската документација и конечни (финални) обрасци на МКТ за наративен и финансиски извештај, за реализација на секој реализиран проект од годишната програма за работа на Установата, а претходно да се доставува на усвојување до Управниот одбор на Установата согласно со обврската од член 36 став (1) т. 4 од истиот Закон, според којшто Управниот одбор го усвојува годишниот извештај за работата на установата по предлог на директорот,
1.5.Во врска со примена на член 36 став (1) т. 9 и став (2) од Законот за културата, на Управниот одбор на Центарот за култура, да биде предложено донесување на деловник за работа на Управниот одбор.

1.6. Согласно со обврската од член 31 – б став (1) од Законот за културата, според којаштодиректорот на националната установа на секои шест месеци до министерот за култура доставува извештај за финансиското работење на националната установа и извештај за остварувањето на годишната програма за работа на националната установа, до МКТ, Сектор за дејностите од областа на културата, да биде доставен и вториот полугодишен извештај за финансиското работење на националната установа и извештај за остварувањето на годишната програма за работа на националната установа, за периодот од 01.07. до 31.12.2023 г.
1.7. Согласно со обврската од склучените договори за учество во финансирање на годишната програма за работа на Центарот за култура, на изработениот рекламно-пропаганден материјал (плакати, каталози, проспекти, покани и слично), на соодветен начин да се наведе учество на МКТ, во финансирањето на проектите.
1.8.За сите службени патувања на вработените на Центарот за култура, задолжително да се изработуваат (патни) налози за службено патување, коишто треба да содржат; име и презиме на лицето кое патува, работи и задачи што ги извршува, цел на патувањето, назив на местото и државата во кое се патува, датум на поаѓањето и враќањето, односно траењето на службеното патување, видот на превозот, што ќе се користи, како и да се заведуваат сите примени и сопствени документи/записи (вклучително и патните налози), а при тоа во целост да се почитуваат одредбите од Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници („Сл. весник на РМ" бр. 61/2002, 98/2002, 81/2005, 24/11, 145/15, 170/17 и „Сл. весник на РСМ" бр. 122/21), Уредбата за канцелариско и архивско работење(„Сл. весник на РМ" бр. 1/14), и Упатството за начинот и техниката на постапување со архивскиот и документарниот материјал во канцелариското и архивското работење („Сл .весник на РМ" бр. бр. 99/2014), и Уредбата за издатоците за службени патува и селидби во странство, што на органите на државната управа им се признаваат во тековни трошоци („Сл .весник на РМ" бр. 50/2000), и други позитивни законски и подзаконски прописи.

Со издаденото Решение, определен е рокот за извршување на изречените мерки и тоа за точката 1.5. и 1.6., од решениетово рок од 15 дена од денот на приемот на Решението, а од точките 1.1. до 1.4., 1.7. и 1.8., постојано од денот на приемот на решението.

Во однос на т. **1.1.** од Решението, наменски да се користат средствата од Буџетот на РСМ, добиени преку МКТ,согласно со договорите за учество во финансирање на годишната програма за работа на Центарот за култура и да ја реализира годишната програма за работа на Установата во рамките на обезбедените средства од Минситерството и од други извори согласно со обврската од член 70-а став (4) од Законот за културата, утврдено е дека по однос на доставената Нацрт-годишната програма за работа на Центарот за култура за 2025 г., од министерот за култура и туризам се уште не е донесено решение за избраните проекти од

предложените согласно со Нацрт-годишната програма за работа на Центарот за култура, што ќе бидат финансирани како проекти од национален интерес за 2025 г. согласно со член 70 став (5) од Законот за културата, но според изјавата на одговорното лице, добиените средства од Буџетот на РСМ, преку МКТ ќе бидат наменски користени согласно со договорите, што ќе бидат склучени со МКТ.

Во однос на т. 1.2. од Решението за потребата од евентуални измени и дополнувања на Годишната програма за работа на Установата, писмено да биде информирано МКТ да бидат образложени причините, а измени и дополнувања на износот на средствата, намените на средствата и измени на проектите утврдени со договорите за учество во финансирање на годишната програма за работа на Установата, да се вршат само со претходна согласност на МКТ и со склучување на анекс кон договор, според изјавата на одговорното лице, ќе биде почитувана.

Во однос на т. 1.3. од Решението, Нацрт-годишната програма за работа на Установата, којашто согласно со член 70 став (1) од Законот за културата, ја донесува директорот на националната установа во јуни во тековната година за наредната година, да се доставува на согласност на Управниот одбор согласно со обврската одчлен 36 став (1) т. 3 од истиот Закон и за истата од Управниот одбор, да се бара донесување на соодветна одлука, според изјавата на одговорното лице, по истата ќе биде во целост постапено при донесувањето на идната Нацрт-годишната програма за работа на Центарот за култура, конкретно за 2026 година.

Во однос на т. 1.4. од Решението, годишниот извештај за реализацијата на годишната програма за работа на Установата согласно со обврската од член 70-б став (2) од Законот за културата, да се доставува до МКТ, со потребната и со целосна материјално - финансиската документација и *конечни (финални) обрасци на МКТ за наративен и финансиски извештај*, за реализација на секој реализиран проект од годишната програма за работа на Установата, а претходно да се доставува на усвојување до Управниот одбор на Установата согласно со обврската од член 36 став (1) т. 4 од истиот Закон, според којшто Управниот одбор го усвојува годишниот извештај за работата на установата по предлог на директорот, според изјавата на одговорното лице, по истата ќе биде во целост постапено при изработка на годишниот извештај за 2025 година.

Во однос на т. 1.5. од Решението, во врска со примена на член 36 став (1) т. 9 и став (2) од Законот за културата, на Управниот одбор на Центарот за култура, да биде предложено донесување на деловник за работа на Управниот одбор, во текот на надзорот на увид е доставен Деловникот за работа на Управниот одбор на Центарот за култура, заведен под дел. бр. 03-148/2 од 29.07.2009 г., којшто според изјавата на одговорното лице е најден по завршувањето на вонредниот

инспекциски надзор во Центарот за култура, со напомена дека во случај да има потреба за изменувања и дополнувања на Деловникот, ќе бидат дадени соодветни предлози до УО. Деловникот е донесен врз основа на член 24 т. 10 од Статутот на Центарот за култура, а потпишан е од страна на тогашниот претседател на УО.

Во однос на т. **1.6.** од Решението, согласно со обврската од член 31 – б став (1) од Законот за културата, според којаштодиректорот на националната установа на секои шест месеци до министерот за култура доставува извештај за финансиското работење на националната установа и извештај за остварувањето на годишната програма за работа на националната установа, до МКТ, Сектор за дејностите од областа на културата, да биде доставен и вториот полугодишен извештај за финансиското работење на националната установа и извештај за остварувањето на годишната програма за работа на националната установа, за периодот од 01.07. до 31.12.2023 г., од страна на одговорнот олцие е доставена следнава документација: Годишен финансиски извештај за 2023 г., со дел .бр. 01-23/2 од 30.01.2024 г. (за с-ка 787), Годишен финансиски извештај за 2023 г., со дел .бр. 01-23/3 од 30.01.2024 г. (за с-ка 603), и Годишен извештај за остварување на годишната програма за 2023 г.со дел. бр. 01-23/1 од 30.01.2024 г., со објаснување дека се работи за вториот полугодишен извештај за 2023 г., којшто го подготвува во таа форма и дека таков е доставен до МК во м. јануари, 2024 г. (со опфатени активности, извршени во периодот јули-декември, 2023 г.), додека кон Годишниот извештај за работа на Центарот за култура за 2023 г., се доставени и пополнети обрасци на МК за наративен и финансиски извештај за реализација на Годишната програма за 2023 година.

Во однос на т. **1.7.** од Решението според изјавата на одговорното лице на Центарот за култура во иднина во целост ќе се почитува обврската од договорите за учество во финансирање на годишната програма за работа на Центарот за култура, на изработениот рекламно-пропаганден материјал (плакати, каталози, проспекти, покани и слично), на соодветен начин да се наведе учество на МКТ, во финансирањето на проектите.

Во однос на т. **1.8.** од Решението, за сите службени патувања на вработените на Центарот за култура, задолжително да се изработуваат (патни) налози за службено патување со потребните податоци, како и да се заведуваат сите примени и сопствени документи/записи (вклучително и патните налози), а при тоа во целост да се почитуваат одредбите од Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници, Уредбата за канцелариско и архивско работење и Упатството за начинот и техниката на постапување со архивскиот и документарниот материјал во канцеларискиот и архивското работење и Уредбата за издатоците за службени патува и селидби во странство, што на органите на државната управа им се

признаваат во тековни трошоци и други позитивни законски и подзаконски прописи, според изјавата на одговорното лице на Центарот за култура, од извршениот вонреден инспекциски надзор, заклучно со контролниот инспекциски надзор, Центарот за култура нема реализирано службени патувања, ниту во Републиката, ниту во странство, но во случај истите да бидат реализирани во иднина ќе се подготвуваат патните налози, додека во однос на примена на горенаведените законски и подзаконски прописи е наведено дека истите се почитуваат во целост во работењето на Центарот за култура.

**Врз основа на увидот во горенаведената документација:**

**-Не се утврдени никакви неправилности во работењето на субјектот.**

При контролниот инспекциски надзор, утврдено е дека субјектот на надзорот –НУ - Центар за култура „Ацо Ѓорчев"-Неготино,во рокот определен со инспекцискиот акт, постапил по инспекцискиот акт - Решение ИП 1 бр. 57- 94 од 28.11.2024 година.

**Поради тоа што претходно утврдените неправилности во работењето на субјектот, од аспект на примена на горенаведените одредби од Законот за културата, се отстанети во рокот утврден со Решението ИП 1 бр. 57-94 од 28.11.2024 г., од страна на инспекторот за култура ќе се запре инспекциската постапка согласно со член 82 став (5) од Законот за инспекциски надзор.**

Заради обемот и сложеноста на инспекцискиот надзор, неговата природа и околностите на работа, Записникот е составен во службените простории на Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за култура и туризам во согласност со член 82 став (3) од Законот за инспекциски надзор.

Записникот е составен во 3 (три) еднакви примероци, од коишто еден примерок е за потребите на НУ-Центар за култура „Ацо Ѓорчев"-Неготино, а 2 (два) примерока се за потребите на Секторот за управен и нспекциски надзор на Министерството за култура и туризам.

11)Со содржината на овој записник исо утврдената фактичка состојба е запознаен субјектот на надзорот, кој ИМАШЕ/НЕМАШЕ забелешки.

12)Забелешки на субјектот на надзорот:

- ____________________________________________________
- ____________________________________________________
- ____________________________________________________
- ____________________________________________________

- ________________________________________
- ________________________________________
- ________________________________________
- ________________________________________
- ________________________________________
- ________________________________________
- ________________________________________
- ________________________________________

| | | | |
|---|---|---|---|
| Печат и потпис на претставникот на субјектот на надзор: | директор на НУ-Центар за култура „Ацо Ѓорчев" Неготино | Печат и потпис на инспекторот за култура: | Сабина Синан, главен инспектор за култура |
| Датум: | 01.2025г. | Датум: | 28.01.2025 г. |

**Доколку субјектот на надзорот одбие да го потпише записникот, да се наведат причините за истото.**